**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**"ТАБАК" - СКОПЈЕ**

# У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ФИЛМСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Осигурувањето на филмски претпријатија се однесува според содржината на договорот, на:

I. Осигурување негативи и позитиви на филм (чл.1 до 14);
II.- Осигурување од опасност од прекин на изработка на филм (чл.15 - 22);
III.- Осигурување филмски апарати (чл.23 до 29);
IV.- Осигурување филмски реквизити (чл.20-36);
V.- Осигурување од одговорност на претпријатија за производство на филмови (чл.37 до 38).

## I.- ОСИГУРУВАЊЕ НЕГАТИВИ И ПОЗИТИВИ НА ФИЛМ

## А.- ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)
**Член 1**

(1) Осигурувачот е во обврска да наомести штета предизвикана со оштетување, уништување, или исчезнување на осигурените предмети за време на снимање и обработка, како и складирање поради:

а) пожар, удар на гром, експлозија, освен експлозија од нуклеарна енергија, луња, провална кражба и разбојништво, настани кои одненадеж и однадвор дејствуваат со механичка сила на осигурениот предмет;

б) осигурувањето може да се прошири и на штети од други ризици, под услов тоа изрично да се договори и плати соодветен износ на премија.

(2) Осигурувачот исто така е во обврска да надомести:

1) штети од уништувае или оштетување на осигурениот предмет предизвикана при гаснење на пожар, рушење или изнесувае, укажување помош и спасување поради настанатиот осигурен случај,

2) штета поради исчезнување на осигурениот предмет при остварување на една од опасностите од став 1 на овој член;

3) трошоците направени за расчистување во врска со настанатиот осигурен случај. Во трошоците за расчистување спаѓаат неопходните издатоци за расчистување и чистење на местото на кое е предизвикана штетата, како и издатоците за одвоз на согорениот шут и милот до најблиското место за растовар.

4) трошоците што осигуреникот ги направил за отстранување и намалување на штетата, во висина определена според членот 40 на овие услови.

### НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)
**Член 2**

(1) Осигурувачот не е во обврска да надомести штета што обично и често настанува кај нормална обработка како на пример: оштетување и загуби при погрешно и невнимателно осветлување на филм, погрешно и невнимателно ракување со магнетска лента, погрешно развивање или сечење на филм, грешки во материјалите од секој вид, распаѓање на филм, влијание на влажно време или промена на температурата и штети предизвикани од трети лица.

(2) Осигурувачот не е во обврска да надомести ниту посредна штета од секој вид, загуби и трошоци што ќе настанат со непридржување кон роковите на испораката, одолговлечување на изработката на филмот, одложување на транспортирањето на филмот, па и тогаш кога се како последица на осигурен случај.

### ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕН ФИЛМ
**Член 3**

(1) Вредноста на осигурен негатив во изработка е вредноста што ќе ја има филмот по завршувањето на првата тонска копија;

(2) Вредноста на осигурен готов негатив на филм е износот на трошоците на обновата.

(3) Вредноста на осигурен позитив на филм е износот на трошоците на изработка.

### ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА И ПОДОСИГУРУВАЊЕ
**Член 4**

(1) Штетата се пресметува во смисла на член 9 и 11 односно на 14 на овие услови.

(2) Штетата пресметана според претходниот став се надоместува само тогаш во полн износ, ако сумата на осигурувањето не е помала од вредноста на филмот (чл.2). Ако сумата на осигурувањето на готов негатив, односно позитив на филм е помала од вредноста на осигурениот филм во време на настанувањето на осигурениот случај (подосигурување) ќе се надомести само дел од штетата што според вкупната штета е во ист сразмер како што е сумата на осигурување според вредноста на осигурениот филм.

### ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ
**Член 5**

Кај осигурувањето негатив во изработка, обврската на осигурувачот започнува од првиот ден на снимањето на филмот, а престанува најдоцна 10 дена по изработка на пвата тонска копија, со тоа што осигуреникот е должен во тој рок да изработи и ливанд копија.

Обврската на осигурувачот во секој случај може да започне поано отколку што е тоа предвидено во членот 22 на Општите услови за осигурување на имоти.

## Б.- ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НЕГАТИВ ВО ИЗРАБОТКА

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 6**

(1) Осигурен е негатив на филм што е пријавен за осигурување. Ако филмот истовремено се изработува во повеќе верзии, негативите на сите верзии се осигурени.
(3) Осигурувањето се однесува и на неснимени негативи на слики и звук, наменети за односниот филм вклучувајки го и приборот, фото-негатив-плочите што му припаѓаат на филмот, црно-белите копии, како и музичките, шумните и говорните ленти.

### ДОДАТНИ ОПАСНОСТИ ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 7**

(1) Со осигурувањето се опфатени уште и штетите што би биле предизвикани на осигурениот негатив поради грешки или растројување на или во камерата, пред или во текот или по завршувањето на снимањето, како и штети во процесот на копирањето, доколку се во причинска заемна врска со конечната изработка на негативот.
(2) И покрај проширувањето на осигурувањето од претходниот став и понатаму се исклучени штетите што би биле предизвикани поради: погрешно или невнимателно осветлување на филм, распаѓање на филм, влијание на влажно време и промена на температурата, како и поради грешки во материјалот од секој вид.

### ПРЕСМЕТКА НА ПРЕМИЈАТА
**Член 8**

Премијата претходно се пресметува од пресметковната вредност на осигурениот филм. Конечната пресметка на премијата се врши по завршувањето на изработката на пвата тонска копија од вкупниот износ на фактично направените трошоци и според фактичното траење на изработката на филмот.

### ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ
**Член 9**

(1) Осигурувачот ги надоместува трошоците за обнова на оштетените делови на осигурениот филм.

(2) При утврдување на трошоците на обновата се земаат предвид евентуално постојните негативи или дублови или нивни делови и други расположиви негативи.
(3) Оштетата по правило се исплатува само со цел за обнова на филмот и тоа доколку обновата е обезбедена.

Ако не се изврши обнова на одделни оштетени делови, негативи, обврската за надоместок и тоа во рамките на трошоците на обновата што нормално би требало да се направат, постои само тогаш ако се поднесе доказ за шетата.
(4) Ако не може филмот да се заврши, се надоместуваат докажано направените трошоци до моментот на прекинот на изработката на филмот.
(5) Во случај на штета на работни копии, музички, шумни и говорни ленти, се надоместуваат трошоците за обновата на оштетените делови сметајќи ги по пазарните цени што важат во времето на настанување на осигурениот случај, како и транспортните и царински трошоци.

## В.- ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ГОТОВИ НЕГАТИВИ

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 10**

Осигурувањето се однесува на дубл-позитив (лаванд) дубл негатив и тонски копии (готови негативи).

### ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ
**Член 11**

(1) Осигурувачот ја надоместува штетата што ќе ја претрпи осигуреникот, со тоа што осигурениот предмет од полисата, поради настанувањето на осигурениот случај, не може да се користи, наполно или делумно.
(2) При утврдувањето на износот на штетата се зема предвид искористеноста на филмот на денот на штетата, истрошеноста, како и постигнатиот приход со продажба на лиценца или со договор за изнајмување на филмот.
(3) Ако е можна обнова на целиот негатив или на оштетените делови, се надоместуваат трошоците на обновата, а кај странски негативи и транспорните и царинските трошоци.
(4) Во случај на потполна штета на негатив, сумата на осигурувањето ја чини границата на трошоците за обновата. Штетата ќе се смета за потполна и тогаш, кога поради делумно оштетување искористувањето на негативот е наполно оневозможено.

## Г.- ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПОЗИТИВИ НА ФИЛМ

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 12**

Осигурени се позитиви на филмови од сите видови.

**ОБЕМ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 13**

Со осигурувањето се опфатени штети од опасносзтите од член 1 под а) од овие услови и штетите настанати на осигурен позитив на филм на гребнатини, драсканици-засенување и перформации.

Осигурувачот не е во обврска да надомести штета, ако дистрибутерот на филмот се согласи да го пушти на прикажување во оштетена состојба.

Со осигурувањето не се опфатени штети на позитиви од нормално трошење.

**ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК**
**Член 14**

(1) Се надоместуваат трошоците за повторна изработка на оштетените делови на осигурениот позитив и тоа според пазарните цени во време на настанувањето на осигурениот случај.

Ако оштетените делови не се изработат, се надоместуваат трошоците што би се направиле заради отстранување на штетата во времето на настанувањето на осигурениот случај, земајќи го предвид намалувањето на вредноста поради старост и употреба.

(2) Пресметаниот надоместок од осигурувањето се намалува за 10% на име франшиза, односно учество на осигуреникот во штетата.

**II.- ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОПАСНОСТ ОД ПРЕКИН НА ИЗРАБОТКА НА ФИЛМ**

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)**
**Член 15**

(1) Осигурувачот е во обврска да надомести штета што осигуреникот ќе ја претрпи поради привремено или трајно изостанување, како пред почетокот на снимањето така и во текот на снимањето на филмот, на ртежисерот, артистите или на други лица кои активно учествуваат во изработката на филмот на кој се однесува осигурувањето.

(2) Ако се договори посебно и ако се плати соодветен износ на премија, осигурувачот е во обврска и за штетата што би ја претрпел осигуреникот поради нрушување или прекин;

1) поради оштетување или уништување на: згради, декор, реквизити, гардроба, апарати за снимање слики и звук и други предмети наменети за употреба за изработка на осигурениот филм од опасност од: пожар, удар на гром, експлозија, освен експлозија од нуклеарна енергија, луња, град, снежна лавина поплава, лизгање на терен, одронување и излевае на вода од водоводни и канализациони цевки, паѓање на воздушни летала од сите видови, удар на моторно возило, удар предизвикан од незгода во погон на машина, пробивање на звучниот ѕид и манифестации.

2) поради однесување, оштетување или уништување на: декорот, реквизитите, гардеробата, апаратите за снимање слики или звук и други предмети потребни за изработка на осигурениот филм од опасност од провална кражба.

3) поради оштетување или уништување на апарати за снимање слики или звук од друга механичка опрема, како средства што се движат на копно, вода и по воздух (како предмет на снимањето) доколку конструктивно и технички се способни да го извршат предвиденото дејствие во филмот, од сите други опасности, како од: удир, судир, превртување, паѓање и слично, време на изработка на филмот, а со чие отстранување стануваат неспособни за снимање на осигурениот филм, освен од механичко растројување што не е последица на некоја незгода.

Осигурувањето од штетите од овој став може да се договори само за случаите за запирање на изработка во текот на снимањето на филмот.

**НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)**
**Член 16**

(1) Осигурувачот не е во обврска за штите што ќе настанат поради:

1) губење на гласот на професионален пејач или пејачка;

2) тешкотија поради бременост, породување и од нивни последици;

3) спречување на осигурени лица поради пречки што се условени со природно својство на тие лица, а кои во смисла на овие услови не се сметаат како болест;

4) намеѓра или голема невнимателнсот на странскиот кооперант во рамките на обврските преземени со договорот.

(2) Осигурувачот не е во обврска ниту за посредни штети предизвикани со настанувањето на осигурениот случај, т.е. сите оние штети што не се надоместуваат според членот 19, став 1 точка 1 и 2 на овие услови.

**ВИСИНА НА ОСИГУРЕНИ ТРОШОЦИ**
**Член 17**

(1) Кај осигурувањето од опасност од запирање на изработка на филм, пред започнување 1на снимањето, осигурен е вкупниот износ на трошоците, направени до денот на започнувањето на снимањето на филмот.

(2) Кај осигурувањето од опасност од запирање во текот на снимањето на филмот е осигурен вкупниот износ на трошоците направени од почетокот на изработка на филмот до конечното завршување (вкупното чинење на филмот).

(3) Веднаш по завршувањето на работите на изработката на филмот , како пред почетокот на снимањето, така и по конечната изработка на филмот, ќе се изнајде вкупниот износ на

осигурените остварени трошоци и ќе му се соопшти на осигурувачот.

## ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ
**Член 18**

(1) Ќе се смета дека настанал осигурен случај кога ќе се оствари одредбата од член 15, став 1 од овие Услови.
(2) Доколку ќе се договори и осигурувањето од членот 15 став 2 на овие услови, ќе се смета дека за тоа осигурување настанал осигурениот случај, ако некој од осигурените предмети од член 15, став 2 од овие услови ќе биде оштетен или уништен од опасности наведени во истиот член и доколку поради тоа ќе настанат последиците наведени во претходниот став.

## ОБЕМ НА НАДОМЕСТОК
**Член 19**

(1) Кога ќе настане осигурен случај се наддоместуваат:

1) кај одложувањето на почетокот на снимањето на филмот, одноно кај краткотрајните пречки или прекини во текот на снимањето на филмот: поголемите трошоци на чинењето што докажано нужно се направени во врска со тоа одложување, пречки или прекини;

2) кај неможноста за довршување на осигурениот филм, односно кај напуштањето на неговото остварување: трошоците докажано направени до моментот кога е утврдена неможност за довршувањето, односно неможноста за неговото остварување, како и трошоците што уште ќе се направат врз основа на договорот, по одбивање на проценетата вреднсот на спасените предмети.

(2) Не се наддоместуваат трошоците за: авторски права, дијалози, транскрипции на сценарија, планови и цртежи, декор и костими, како и премијата на осигурувањето од договорот што се однесува на осигурениот филм.
(3) При утврдувањето на вредноста на спасените предмети се земаат предвид: употребените и неупотребентие филмски ленти, декор и реквизити, фустани, костими и помошни материјали, што се приготвени за изработка на осигурениот филм и чија вреднсот е опфатена во вкупниот износ на чинењето на филмот што се осигурува.
(4) Пресмтаниот наоместок од осигурувањето се намалува за 10% на име франшиза, односно учество на осигуреникот во штетата.

## ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ
**Член 20**

(1) Осигуреникот е должен од лицата на кои се однесува осигурувањето да побара писмена изјава дека, ако тоа го бара осигурувачот, ќе се подложат на преглед кај лекар што ќе го определи осигурувачот и тоа како при склучување на осигурувањето така и кога ќе настане осигурениот случај и онолку пати колку ќе бара осигурувачот.

## НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРЕМИЈА
**Член 21**

Премијата претходно се пресметува од договорениот износ на трошоците на изработка според пресметката на трошоците и предвиденото траење на изработка на филмот, и тоа како за периодот на осигурувањето пред започнатото снимање на филмот, така и за периодо на осигурувањето на снимањето на филмот.
Конечна пресметка на премијата се врши по завршувањето на работите пред започнувањето на снимањето на филмот, односно по конечното завршување на изработката на филмот, според фактичкото траење на изработката на филмот. Во првиот случај премијата се пресметува од вкупниот износ на фактички направените трошоци до денот на започнувањето на снимањето, а во другиот случај од вкупниот износ на направените трошоци од почетокот до конечната изработка на филмот (вкупно чинење на филмот).

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ
**Член 22**

Обврската на осигурувачот започнува односно престанува:

1) кај осигурувањето што се однесува за периодот пред започнатото снимање на филмот - од моментот кога ќе започна со работа на изработка на филмот, а престанвуа на денот утврден за почеток на снимање на филмот.

2) кај осигурувањето што се однесува на периодот од почетокот на снимањето на филмот - од моментот на започнувањето на снимањето на филмот, а престанува во моментот кога ќе се изработи работната копија на последниот снимен материјал.

Обврската на осигурувачот во секој случај не може да започне порано отколку што е предвидено во чл.27 од Општите услови за осигурување на имоти.

# III.-ОСИГУРУВАЊЕ ФИЛМСКИ АПАРАТИ

## ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ
**Член 23**

Осигурена е наведената опрема во полисата како: кинематографска и фотографска опрема, ламби, рефлектори и светлинска опрема што се сопственост на осигуреникот или што тој ги закупил, или по кој и да е друг основ ги поседува.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)
**Член 24**

(1) Осигурувачот е во обврска да надоместува штета предизвикана со оштетување, уништувае или исчезнување на осигурени предмети за време на употребата, а нарочно во ателјето, како и за време на складирање поради:

1) пожар, удар на гром, експлозија, освен експлозијата од нуклеарна енергија, луња, град, снежна лавина, поплава, излевање вода од водоводни и канализациони цевки и од слични уреди, лизгање на терен и одронување, кршење, провална кражба и разбојништво, настани кои ненадејно и однадвор дејствуваат со механичка сила на осигурен предмет, искечзнување, затајување, проневера и манифестација.

(2) Осигурувачот исто така е во обврска да надомести:

1) штетата од уништување или оштетување на осигурен предмет, предизвикана при гаснење пожар, рушење или изнесување, укажување помош и спасување поради настанатиот осигурен случај;

2) штетата поради исчезнување на осигурен предмет при остварување на една од опасностите од ставот 1 на овој член.

3) трошоците направени за расчистување во врска со настнатиот осигурен случај. Во трошоците за расчистување спаѓаат неопходните издатоци, за расчистување и чистење на местото на кое е предизвикана штетата, како и издатоците за одвоз на согореното, шутот и милот до најблиското место за растовар.

4) трошоците што осигуреникот ги имал за осигурување и намалување на штетата во висина определена според членот 40 на овие услови.

## НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)
**Член 25**

(1) Осигурувачот не е во обврска за штети предизвикани, непосредно или посредно о:

1) рѓа и влијание на времето, грешки во материјалите, конструкцијата и обработката и од други недостатоци за кои според законот или договорот е во обврска лицето од кое е набавен осигурениот предмет, недостатоци или грешки што постоеле во моментот на склучување на осигурувањето.

2) прегорување ламби и цевки од сите видови;

3) кинење влакна на ламби, цевки или нивно нефункционирање без кршење на стакленото тело, кршење ламби и цевки од сите видови, на леќи, огледала и слично, опфатено е со осигурувањето ако е последица на докажана незгода.

(2) Осигурувачот не е во обврска да надомести ниту:

1) штета од природна истрошеност;

2) посредна штета од секој вид, а особено штета што ќе настане поради привремена неупотребливост на осигурените предмети со настанување на осигурениот случај, потоа трошоци и загуби што ќе настанат од непридржување кон роковите за испорака, одолговлечување на производството на филмот, одложување на транспортирањето на филмот, па и тогаш кога тие штети се последица на настанување на осигурен случај.

3) штета предизвикана намерно или од голема немарност на странските кооперанти во рамките на обврските преземени со договорот.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ
**Член 26**

Вредност на осигурените филмски апарати, е доколку не с договори поинаку, нивната набавна цена и намеалена за износот на процентот на амортизирање.

## ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА И ПОДОСИГУРУВАЊЕ
**Член 27**

(1) Штетата се пресметува:

1) кај уништување на осигурениот предмет -.според вредноста на предметот на денот на настанувањето на осигурениот случај (чл.26) намалена за вредноста на остатоците;

2) кај оштетување на осигурен предмет - во височина на трошоците на поправката, намалена за износот на процентот на амортизирање. Се надоместуваат и целисходно направените трошоци на превозот, царината, како и другите оправдани трошоци.

Вредноста на остатоците се одбива.

Трошоците направени за измени, подобрувања и проширувања паѓаат на товар на осигуреникот.

Трошоците за привремена поправка направени без согласност на осигурувачот, како и последиците што од тоа би настанале, паѓаат на товар на осигуреникот.

(2) Штетата пресметана според ставот 1 на овој член од овие услови во полн износ ќе биде надоместена само тогаш ако сумата на осигурувае не е помала од вредноста на осигурениот предмет во времето на настанувањето на осигурениот случај (подосигурување), ќе се надомести само дел на штетата, што е спрема вкупната штета во ист сразмер како што е сумата на осигурувањето спрема вредноста на осигурениот предмет. Ако постои подосигурување, тоа ќе се утврди посебно за секоја ставка во полисата. Подосигурувањето ќе се земе предвид само тогаш ако вредноста на осигурениот предмет од односната ставка во полисата ја наминува сумата на осигурување.

(3) Ако трошоците на поправката на осигурен предмет ја достигнат или ја надминат неговата вредност на денот на штетата, ќе се смета дека предметот е наполно уништен.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 28**

(1) Осигурувањето важи за времето додека осигурените предмети се наоѓаат на местото означено во полисата.
(2) Осигурувањто е во сила и тогаш кога осигурените предмети ќе се пренесат од нивното првобитно место на некое друго место каде ќе му служат на осигуреникот на неговата дејност, доколку за тоа е посебно договорено.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ
**Член 29**

Обврската на осигурувачот започнува во моментот кога осигурените предмети ќе ги напуштат просториите на изнајмувачот или просториите во кои биле сместени пред почетокот на снимањето на осигурениот филм, а престанува штом ќе се вратат на горе означените места.
Обврската на осигурувачот во секој случај не може да започне порано отколку што е тоа предвидено во чл.27 од Општите услови за осигурување на имоти.

## IV.- ОСИГУРУВАЊЕ НА ФИЛМСКИ РЕКВИЗИТИ

## ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ
**Член 30**

(1) Осигурени се сите реквизити на договорувачот на осигурувањето, сопствени или закупени или кои се по кој и да е друг основ во неговото поседување, што служат за изаботка на филмот наведен во полисата.
Како реквизити, во смисла на овие правила, се сметаат особено: мебел, декор, гардероба (фустани, костими и слично), разни оружја домашни и работни животни (но недресирани), ордени, накит и воопшто предмети од благородни метали чија поединечна вредност не надминува 60.000 денари.
(2) Ако изрично е договорено, осигурени се и:
1) личната гардероба на артистите, статистите, режисерот и сниметелот, доколку гардеробата се наоѓа во заклучени простории,
2) моторни и други возила на копно, вода воздух што се предмет на снимае,
3) дресирани животни;
4) накит и предмети од благородни метали чија поединечна вредност надминува 15.000 денари,
5) градежни материјали потребни при изработка на филмот.
(3) Од ова осигурување се изземени:
1) целокупната кинематографска опрема, ламби, рефлектори и светлинска опрема, заедно со приборот и резервните делови, што се употребуваат при снимањето.
2) готови пари и хартии од вредност.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)
**Член 31**

(1) Осигурувачот е во обврска да надомести штета предизвикана со оштетување, уништување или исчезнување на осигурени предмети за време на употреба, а особено во текот на изградба и расклопување, како и при складирање поради:
1) пожар, удар на гром, експлозија освен експлозијата од нуклеарна енергија, луња, град снежна лавина, поплава, излевае вода од водоводни и канализациони цевки и од слични уреди, лизгање на терен и одронување, кршење, провална кражба и разбојништво.
(2) Осигурувачот исто така е во обврска да надомести:
1) штета од уништување или оштетување на осигурени предмети предизвикана при гаснење на пожар, рушење или изнсување, укажување на помош и спасување поради настанатиот осигурен случај;
2) штета поради исчезнување на осигурен предмет при остварувањето на една од опасностите од ставот 1 на овој член;
3) трошоците направени за расчистување и рушење во врска со настанатиот осигурен случај. Во трошоците за расчистување спаѓаат неопходните издатоци за расчистување и чистење на местото на кое е предизвикана штетата, како и издатоците на одвоз на согореното, шутот и милот до најблиското место за истовар. Во трошоците за рушење спаѓаат неопходните трошоци што осигуреникот ги имал по настанувањето на осигурениот случај за рушење на преостанатите делови на зградата и нивното однесување до најблиското дозволено место за истовар.

## НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)
**Член 32**

(1) Осигурувачот не е во обврска за штета предизвикана со оштетување или со уништување на осигурен предмет од опасности:
1) од гнилење, р´ѓа, штетно дејствување на инсекти и глодачи;
а) кои осигурени предмети, со оглед на намената свесно се изложени за потребите на филмот во изработка.
(2) Осигурувачот не е во обврска да надомести ниту посредни штети од секој вид, загуби и трошоци што ќе настанат со непридржување кон роковите на испораката, со одложување на патување или со одложување на изработка на филмот, па и тогаш коа тие штети, загуби, односно трошоци се последица на осигурениот случај.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕН ПРЕДМЕТ
**Член 33**

Вредноста на осигурените филмски реквизити е нивната набавна цена намалена за износот на процентот на амортизација. Предметите чија вредност е ограничена на 15.000

ден. односно 60.000 денари се сметаат како осигурени на "прв ризик".

### ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА И ПОДОСИГУРУВАЊЕ
**Член 34**

(1) Штетата се пресметува:

1) кај уништувањето или исчезнувањето на осигурените предмети според нивната вредност на денот на настанувањето на осигурениот случај (чл.33).

2) кај ошетувањето на осигурени предмети - во висина на износот на трошоците на поправката или на трошоците за набавка на нов дел наместо оштетениот намален за износот на проценетото амортизирање.

Штетата опоради намалување на вредноста на осигурениот предмет по поправката не се надоместува.

(2) Кај загуби или оштетувања на едно парче од предметот што чини пар или гарнитура, осигурувачот е должен да надомести само дел од вредноста што од вкупната вредност на парот, односно гарнитурата отпаѓа на исчезнатиот, односно оштетениот предмет.

(3) За уметнички предмети важат следните одредби:

1) осигурувачот го определува местото каде ќе се утврди оштетувањето и таму оштетениот предмет ќе се однесе,

2) вештаци оценуваат дали и со кои трошоци може во потполност да се изврши обнова на оштетениот предмет. Во позитивен случај осигурувачот ги надоместува или трошоците за обновата утврдени со процената, или фактичните трошоци на обновата според сметката, доколку не ја пречекорува сумата на осигурувањето.

(4) Штетата пресметана според ст.1 и 2 од овој член, се надоместува тогаш во полн износ ако сумата на осигурувањето не е помала од вредноста на осигурениот предмет (чл.33). Ако сумата на осигурувањето е помала од вредноста на осигурениот предмет во времето на настанувањето на осигурениот случај (подосигурување), ќе се надомести само дел од штетата што спрема вкупната штета е во ист сразмер како што е сумата на осигурувањето спрема вредноста на осигурениот предмет.

### МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 35**

(1) Осигурувањето важи за времето додека осигурените предмети се наоѓаат на местото означено во полисата.

(2) Осигурувањето е во сила и тогаш кога осигурените предмети ќе се пренесат од нивното првобитно место на некое друго место каде ќе му служат на осигуреникот за неговата дејност, доколку за тоа е посебно договорено.

### ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ
**Член 36**

Обврската на осигурувачот започнува во моментот кога осигурените предмети ќе ги напуштат просториите на изнајмувачот или просториите во кои биле сместени пред почетокот на снимањето на осигурениот филм, а престанува штом ќе се вратат на гореозначените места.

Обврската на осигурувачот во секој случај не може да започне порано отколку што тоа е предвидено во чл.27 од Општите услови за осигурување имоти.

## V.- ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФИЛМОВИ

### ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)
**Член 37**

(1) Осигурувачот е во обврска дса надомсти штета по оштетено барање од основот на одговорност за штета предизвикана:

а) при изработка на филмови за сопствена или туѓа сметка, вклучувајќи ги и подготовките во сопствени или во туѓи ателјеа, земјиште згради и простории;

н) од употреба на несамоодни возила со сопствени или туѓи коњи како и употреба на питоми животни со цел за изработка на филмот;

ц) од евентуално учество на изложба;

д) од учество во трки (коњски, велосипедски и на моторни возила), учество во борби и слично, доколку овие приредби преставуваат дел на едно филмско дејствие.

(2) Во смисла на овие услови осигурувачот е во обврска да надомести штета и по основот на одговорност за штета:

а) на законските застапници на осигуреници или на лица што раководат или вршат надзор во претпријатието и тоа само во тоа својство;

б) на сите други работници и други лица, кои учествуваат во изработката на филмот, за шети што биле настанати во извршувањето на нивната службена должност при изработката на филмот.

### ОПАСНОСТИ ШТО НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 38**

(1) Осигурувањето не се однесува на оштетените барања по основот на одговорност за штети,

а) поради оштетување на туѓи предмети (на пример: животни, филмови, реквизити, апарати, музички инструменти и сл.) што осигуреникот ги изнајмил или закупил, како и предмети земени на чување и тоа тогаш кога овие предмети во моментот на штетата од страна на

осигуреникот му биле позајмени на некој друг, дадени под кирија или на закуп.

б) поради ошетување предмети на службеници и на лица учесници при снимањето на филмот, каде и да сње наоѓаат на чување или да се во употреба при снимање на филмот, освен предмети кои службениците или лицата кои учествуваат во филмот ги носат на себеси.

ц) поради оштетување или уништување на земјиште, згради или простории земени под закуп или кирија од страна на осигуреникот со цел за снимање на филмот.

(2) Со осигурувањето не се опфатени ниту барањата по основот на одговорност, што би биле поставени од страна на артистите поради штетите претрпени при акробации или при изведување на своите улоги, а особено во однос на телесната способност, односно намалената способност на изведувачите.

## VI.- ОПШТИ ОДРЕДБИ

### ОБЕМ НА РИЗИК
**Член 39**

(1) Обемот на ризикот од член 1, став 1, точка 2, членот 24, стаав 1, точка 2, членот 31, став 1, точка 2 на овие Услови, освен за ризикот од провална кражба и разбојништво, се определува според одредбите за односниот ризик од Условите за осигурување од опасност од пожар и од некои други опасности, доколку во овие услови е определен обем на односниот ризик.

(2) Обемот на ризик од провална кражба и разбојништво се определува според чл.3 на Условите за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво.

### НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ
**Член 40**

(1) Осигурувачот ги надоместува трошоците што осигуреникот ги направил кога настанал осигурениот случај за преземените мерки заради остварување и намалување на штетата.

(2) Надоместокот вкупно на име трошоци од претходниот став и на име оштета, не може да ја надмине сумата на осигурувањето.

Трошоците за отстранување и намалувањ на штетата направени по налог на осигурувачот се надоместуваат тогаш кога заедно со ошптетата ја надминуваат сумата на осигурувањето.

(3) Во случај на подосигнување трошоците за отстранување и намалување на штетата се надоместуваат во ист сразмер како и штетата, освен во случаит екога се направени по налог на осигурувачот.

(4) Осигуруачот не е во обврска да ги надомести трошоците предизвикани за отстранување на причината на штетата како и трошоците за интервенција на противпожарното друштво, или на други организации чија должност е да укажуваат бесплатна помош кога ќе настане осигурен случај.

### ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТИ
**Член 41**

Доколку не се во спротивност со овие услови, на осигурувањата склучени според овие услови се применуваат и Опшите услови за осигурување имоти.